WWW.INCLUDEDPROJECT.EU

#INCLUDEDPROJECT
#SEXEDUCATION
#INCLUSIVESEXED



# БИЛТЕН

I | 03.2022

## INCLUDED: Инклузивно сексуално образование преку креативни методи

Проектот INCLUDED финансиран од Ерасмус+ програмата, има за цел да дизајнира и имплементира наставна програма за инклузивно сексуално образование за средношколци и модел за поттикнување пристап на целото училиште кон сексуалното образование, базирани на театарски техники погодни за учениците.

Како што наведува УНЕСКО, сексуалното образование во училиштата има најголемо влијание и резултат кога во создавањето на наставните програми ќе се вклучат родителите и наставниците заемно, како и институтите за обука и други институции или организации кои се погодни младите. Сето ова е од особено значење посебно за младите лица со интелектуални и когнитивни различности, кои имаат значително помала веројатност да научат околу сексуалното образование во споредба со нивните врсници.

Во дефиницијата за “Сексуално здравје„ дадена од Светската здравствена организација, се наведува дека сексуалните права на сите лица мора да се почитуваат, штитат и исполнуваат. Поединците со интелектуални и когнитивни различности не се разликуваат во овој поглед со останатите, и ја изразуваат потребата и желбата да формираат врски, да се вклучат во половен контакт и да се стекнуваат со сексуална едукација.

Ова се следните проектни резултати:

• Наставна програма за обука на ученици;

• Е-курс за наставници за подучување околу инклузивно сексуално образование преку креативни методи;

• Водич за училиштата за тоа како да го вклучат и семејството во креирањето на инклузивното сексуално образование;

• Насоки за политики и детален патоказ заснован на искуството во секоја земја партнер за тоа како да се имплементира креативен пристап во целото училиште за холистичко и позитивно сексуално образование;

2020-1-UK01-KA227-SCH-094470

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Во проектот ИНКЛУДЕД има неколку елементи на иновација. Пред се, има намера да усвои пристап на учење кој поттикнува вклучување, размена и меѓусебно разбирање помеѓу учениците со интелектуални и когнитивни различности и нивните врсници. Дополнително, применува креативни и методи засновани на театарски техники и го стимулира придонесот на споделени одговорности на училишниот персонал, семејството, како и на членовите на заедницата за ефективно да се постигнат очекуваните резултати.

На 27-ми и 28-ми јули, се одржа почетниот состанок на кој официјално се промовираше проектот. На состанокот им се овозможи на партнерите да се запознаат меѓусебно, да научат повеќе за соодветните национални контексти и да се договорат околу претстојните чекори. Партнерството се фокусира на првичните резултати: инклузивна наставна програма за ученици и создавање на патека и активности за учење.
Од истата причина, на почетокот на февруари, конзорциум на ИНКЛУДЕД успешно спроведе онлајн обука за обучувачи која служеше како можност за испробување и тестирање на содржините кои ќе се имплементираат. Воедно оваа онлајн средба служеше и како можност за собирање повратни информации и коментари од страна на партнерите во врска со креативните активности и театарските техники што ќе се реализираат со студентите и во училиштата.

# Следни чекори

Во текот на месец март, партнерите ќе ја испробуваат и тестираат тренинг програмата: 6 часа настава ќе бидат спроведени во средните  училишта на национално ниво. Потоа ќе се развие когнитивна рамка што би била развиена како резултат на повратните информации и коментари од пилотирањето на програмата. Конзорциумот, исто така, ќе започне да работи на вториот резултат од проектот, е-курсот за наставници, преку креирање на насоки за структурирање и поделба на задачите меѓу партнерите.

# Дали сакате да дознаете повеќе околу проектот?

За да дознаете повеќе околу проектот и да се вклучите во нашите идни активности, посетете ја нашата веб-страница www.includedproject.eu или следете не на социјалните мрежи со користење на:

#INCLUDEDPROJECT
#SEXEDUCATION
#INCLUSIVESEXED



The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.